***Број: 02 - 2220/2***
***11.02.2009 година***
***С к о п ј е***

***ЗАПИСНИК***
***од L -та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 11.02.2009 во 12.00 часот*
*во просториите на*
*Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Фисник Ибраими, претставник од Министерството за здравство - заменик на претседателот;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *Г. Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член;*
- *Д-р. Горан Коевски, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***
- *Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, претставник од Министерството за финансии - претседател;*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ;*
- *Јанез Јелникар, директор на ФЗОМ;*
- *Ромела Поповиќ Трајкова, директор на секторот за финансии;*
- *Слаѓана Пешевска, директор на секторот за човечки ресурси (делумно присутна);*

- *Стојан Петрески, раководител на одделението за имотно правни односи (делумно присутен);*
- *Љубица Димитровска, раководител на одделението за финансии (делумно присутна);*
- *Љупчо Ламбевски, претседател на централната пописна комисија на ФЗОМ (делумно присутен);*
- *Христо Трповски, дипломиран правник во својство на записничар*

*На седницата присуствуваше и Нина Пијаде Мирковска, директор на Специјалната болница за гинекологија и акушерство Мала Богородица Систина, која пред Управниот одбор го изложи барањето на болницата за условите за склучување на договор со Фондот.*

*Претседателот на Управниот одбор Фисник Ибраими ја отвори седницата. Откако утврди дека се присутни шест членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување го предложи следниот*

## ***П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н  Р Е Д***

- *Усвојување на записникот од XLIX-та седница на Управниот одбор, одржана на 13.01.2009 година*

1. *Извештај од извршениот попис на средствата, побарувањата и обврските на Фондот за здравствено осигурување на Македонија со состојба на ден 31.12.2008 година;*
2. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување;*
3. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на користење на здравствените услуги на осигурените лица во странство;*
4. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот, постапката и поблиските критериуми за утврдување на привремена спреченост за работа поради болест и повреда или потреба за нега на болен член од потесното семејство и за времетраењето на привремената спреченост за работа во зависност од видот на болеста и повредата;*
5. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на учеството на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствените услуги и лековите;*
6. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на сервисни услуги кои се користат во болничката здравствена заштита;*
7. *Разно.*

*Потоа побара под точката разно да се разгледа и можноста на здравствените установи кои поради прекршување на договорот со Фондот треба да платат договорна казна, да им се овозможи плаќањето да го извршат на повеќе месечни рати.*

*Горан Коевски пак побара во рамките на точката разно да се даде информација за протестите на аптекарите што се одржаа пред Фондот на почетокот на седмицата.*

*Во врска со ова директорот Тренкоски рече дека иформација ќе се даде на следната седница.*

*Директорот Тренкоски побара Управниот одбор да го разгледа и Предлог Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија со кој се предлага отворање на одделение за спроведување на здрравствено осигурување во Пехчево. Покрај тоа ги запозна членовите на Управниот одбор дека директорот на Специјалната болница за гинекологија и акушерство Мала Богородица - Систина Нина Пијаде Мирковска која е во просториите на Фондот бара да се обрати на Управниот одбор и да го запознае со условите кои болницата ги бара за склучување на договор со Фондот.*

*Членовите на Управниот одбор ги прифатија предлозите за дополнување на дневниот ред и барањето за обраќање на директорот на Мала Богородица - Систина, по што едногласно го усвоија следниот*

## ***Д Н Е В Е Н Р Е Д***

- *Усвојување на записникот од XLIX-та седница на Управниот одбор, одржана на 13.01.2009 година*

1. *Извештај од извршениот попис на средствата, побарувањата и обврските на Фондот за здравствено осигурување на Македонија со состојба на ден 31.12.2008 година;*
2. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување;*
3. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на користење на здравствените услуги на осигурените лица во странство;*
4. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот, постапката и поблиските критериуми за утврдување на привремена спреченост за работа поради болест и повреда или потреба за нега на болен член од потесното семејство и за времетраењето на привремената спреченост за работа во зависност од видот на болеста и повредата;*
5. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на учеството на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствените услуги и лековите;*
6. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на сервисни услуги кои се користат во болничката здравствена заштита;*
7. *Обраќање на директорот на Специјалната болница за гинекологија и акушерство Мала Богородица - Систина;*
8. *Разно.*

*8.1 Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија*
*8.2 Мислење од стручната служба на Фондот за барањата за ребаланс на буџетските плафони од јавните здравствени установи*
*8.3 Барања од пензионирани лекари*
*8.4 Плаќање на договорните казни на рати*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред.*

- *Усвојување на записникот од XLIX-та седница на Управниот одбор, одржана на 13.01.2009 година*

*Љубиша Каранфиловски побара на страна 11 од записникот, неговата дискусија да се коригира така што по зборот „вкупно“, зборовите до крајот на дискусијата пренесена во тој пасос, да се заменат со зборовите „би имале на располагање да ги остварат, значи 16 милиони денари месечно или околу 200 милиони денари годишно. Праша дали Фондот ќе биде во состојба да ги обезбеди. Кај буџетите на јавните здравствени установи пак имаме процентуално намалување на сметка на буџетот на приватните здравствени установи од 627 на 1.460 милиони денари. Прикажани се 726 милиони а за останатите средства не е прикажано каде се распоредени.“.*

*Со оваа корекција, Управниот одбор едногласно го усвои записникот од XLIX-та седница на Управниот одбор, одржана на 13.01.2009 година.*

***ТОЧКА 1 -*** *Извештај од извршениот попис на средствата, побарувањата и обврските на Фондот за здравствено осигурување на Македонија со состојба на ден 31.12.2008 година*

*Извештајот го презентираше Љупчо Ламбевски, претседател на централната пописна комисија на ФЗОМ. Објасни дека пописот за 2008 година беше извршен заеднички со попописните комисии на подрачните служби и тоа во рамките на предвидениот рок. Додаде и дека во самиот извешај се содржани и препораки од комисијата како да се постапи со одделна опрема. Така на пример се предлага опремата која се користи во подрачните служби а е со целосно отпишана вредност да се понуди без надоместок на здравствените установи, а доколку кај нив нема интерес да се даде овластување на подрачните служби да се ослободат од неа.*

*Горан Коевски укажа дека кај компјутерската опрема, таа на некои места во извештајот е прикажана со година на производство на некои без година.*

*Љупчо Ламбевски објасни дека за прецизното прикажување со година на производство и со сериски број, важно е дали опремата била книговодствено внесена со тие податоци првиот пат кога е примена во подрачната служба. Ако впишувањето е направено без тие податоци тогаш и понатаму таа опрема ќе се води без нив.*

*Потоа Горан Коевски праша за здравствените легитимации кои се прикажани во извештајот. На страна 15 во врска со нив е напишано дека во минатата година бил направен пропуст и не се отпишани. Што значи тоа.*

*Љубица Димитровска објасни дека порано Фондот преку подрачните служби продавал легитимации а во извештајот се прикажани преостанатите откако продавањето е запрено заради забележаните злоупотреби. Бројот на легитимациите е констатиран и се превземени од Фондот уште мината година, меѓутоа тогаш не е дадена препорака за отпис. Се поставува и прашање што да се прави со нив.*

*Трајче Леов предложи Управниот одбор да ги овласти подрачните служби, средствата кои ќе се расходуваат да ги понудат без надоместок на здравствените установи на своето подрачје. Доколку кај здравствените установи нема интерес за овие средства, да се понудат на јавна продажба. На крајот она што ќе остане да се исфрли на отпад. На тој начин подрачните служби ќе се ослободат од непотребната расходувана опрема.*

*Останатите членови на Управниот одбор го прифатија предлогот, и едногласно одлучија одредби за овој начин на постапување да се вградат во соодветните одлуки заради постапување по предлозите од извештајот.*

*Потоа, Борис Јосифовски праша за акциите чиј сопственик е Фондот и се прикажани во извештајот.*

*Љубица Димитровска објасни дека тоа се акции што се водат на Фондот а со кои располага државата. Дражавата ги продава дури и без за тоа да не извести.*

*Борис Јосифовски и Горан Коевски истакнаа дека само сопственикот на акциите кој како таков е заведен во Централниот депозитар за хартии од вредност може да ги продава акциите. Укажаа дека постои закон за располагање со државни средства, и дека во врска со ова прашаање би требало да се консултираат неговите одредби.*

*По ова, расправата по Извештајот од извршениот попис заврши и Управниот одбор едногласно ги донесе следните одлуки:*

***Одлука***
*за усвојување на Извештајот од извршениот попис на средствата, побарувањата и обврските со состојба на ден 31.12.2008 година*

***Одлука***
*за расходување на опрема која е дотраена и неупотреблива за работа и користење*

***Одлука***
*за отпис на побарувања и кусоци*

***Одлука***
*за отпис на опрема и ситен инвентар од Подрачната служба Скопје кои на пописот се јавиле како кусок*

***Одлука***
*за расходување на ситен инвентар од Подрачната служба Пробиштип*

***Одлука***
*за расходување на здравствени легитимации*

***ТОЧКА 2 -*** *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување*

*Стојан Петрески објасни дека потребата од донесување на овој правилник произлегува од измената на Законот за здравственото осигурување (објавена во Службен весник на Република Македонија број 6 од оваа година) а која е во врска со Законот за општата управна постапка и е извршена заради поефикасно остварување на правата на осигурените лица. Во измената на законот е утврдено дека Фондот со општ акт го утврдува образецот на барањето и потребната документација за остварување на правото.*

*По ова, Управниот одбор едногласно донесе*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување***

*со кој се утврдени седум обрасци за остварување на правата од задолжителното здравствено осигурување.*

***ТОЧКА 3 -*** *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на користење на здравствените услуги на осигурените лица во странство*

*Стојан Петрески објасни дека и правото на користење здравствени услуги во странство се остварува во управна постапка па и тука треба да се утврдат обрасците.*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на користење на здравствените услуги на осигурените лица во странство***

*со кој се утврдени три обрасци за остварување на правата на здравствени услуги на осигурените лица во странство.*

***ТОЧКА 4 -*** *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот, постапката и поблиските критериуми за утврдување на привремена спреченост за работа поради болест и повреда или потреба за нега на болен*

*член од потесното семејство и за времетраењето на привремената спреченост за работа во зависност од видот на болеста и повредата*

*Стојан Петрески објасни дека овој правилник е потребно да се донесе заради усогласување со измената на Законот за здравствено осигурување од 2006 година кога времето за кое избраниот лекар дава оцена оцена за привремената спреченост беше продолжено од 7 на 15 дена. По таа измена на законот не беше направено усогласување, па правилникот е во спротивност со него.*

*Управниот одбор го прифати објаснувањето по што едногласно донесе*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на Правилникот за начинот, постапката и поблиските критериуми за утврдување на привремена спреченост за работа поради болест и повреда или потреба за нега на болен член од потесното семејство и за времетраењето на привремената спреченост за работа во зависност од видот на болеста и повредата***

*со кој се изврши измена заради усогласување со одредбите на Законот за здравственото осигурување.*

***ТОЧКА 5 -*** *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на учеството на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствените услуги и лековите*

*Директорот Тренкоски објасни дека со оваа одлука се утврдува висината на учеството за пломбирање со нано композит. Нано композитот е модерен вид на пломба чие воведување е поддржано и од Владата а е поддржано и од стоматолозите.*

*Потоа, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на учеството на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствените услуги и лековите***

*со која се утврди на 600 денари висината на учеството на осигурените лица за пломбирање со нано композит.*

***ТОЧКА 6 -*** *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на сервисни услуги кои се користат во болничката здравствена заштита*

*Директорот Тренкоски објасни дека оваа измена е по предлог на здравствените установи кои ги користат биохемиските анализи. Измената значи расчленување на цените на овие услуги со што се овозможува да се плати само за оној составен дел на услугата кој во конкретниот случај е користен. Покрај тоа, кај седум услуги се предлага намалување на референтната цена.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на сервисни услуги кои се користат во болничката здравствена заштита***

*со која се извршени предложените измени.*

***ТОЧКА 7 -*** *Обраќање на директорот на Специјалната болница за гинекологија и акушерство Мала Богородица - Систина;*

*Директорот на Специјалната болница за гинекологија и акушерство Мала Богородица - Систина Нина Пијаде Мирковска, истакна дека врз основа на анализата на 267 IVF постапки спроведени во 2008 година болницата дојде до сознание дека цената прифатена од Фондот за нив е неповолна. Основна причина за тоа е што на најголемиот дел од третманите се подложуваат пациенти над 35 годишна возраст. Кај нив постапката е поскапа па само основните трошоци изнесуваат 50.000 денари. Потоа детално ја објасни IVF постапката со сите елементи што ја сочинуваат цената на услугата. На крајот нагласи дека е потребно цената да биде различна за различните видови на IVF постапки, бидејќи трошоците се различни а целта е постапката да се спроведе успешно. Цената на услугата треба да биде фиксна а другиот дел треба да зависи од бројот на ампулите што ќе се користат во постапката. По ова, членовите на Управниот одбор поставуваа прашања а Нина Пијаде Мирковска одговараше.*

*Потоа Нина Пијаде Мирковска ја напушти седницата а Управниот одбор продолжи со расправата.*

*Љубиша Каранфиловски истакна дека најважна за Фондот е успешноста во спроведувањето на постапките изразена во проценти.*

*Ромела Поповиќ Трајкова додаде дека во врска со процентот на успешност, вообичаено е да се мерат три индикатори, и тоа: 1. процентот на позитивен тест на бременост, 2. процентот на јавена срцева акција кај зачнатото дете, и 3. процентот на живородени деца излезени од болницата. Во светот процентот на успешност по точката 3 е 16-18%. Во однос на правењето на динстинкција помеѓу различните видови постапки што подразбираат различни трошоци, кажа дека и во Фондот се разгледува таквата можност и дека методологијата постојано ќе се надградува со следење на успешноста. Инаку кај нас се спроведуваат многу повеќе IVF постапки во однос на другите земји во регионот каде критериумите за пристап до услугата се построги. На крајот нагласи дека сите други здравствени установи кои се занимаваат со IVF оплодување ја прифатиле цената на Фондот и склучиле договор а само Мала Богородица - Систина тоа не го сторила.*

*Љубиша Каранфиловски праша дали при проектирањето на буџетот за IVF услуги се имаа во вид бројот на услуги извршени во минатото од одделните здравстввени установи а Ромела Поповиќ Трајкова одговори дека проекцијата на бројот на пациенти и буџетот се прави според историските податоци за извршените IVF услуги во последните три години во одредена здравствена*

*установа, но Фондот ќе ги плати услугите на таа установа која ќе ги изврши услугите. Воедно ги презентираше и финансиските податоци за IVF по установи и процентите за успешност за 2008 заедно со проекциите за 2009 година. Значи дека се предвидени максимален број на 2000 пациенти во буџетот на Фондот а исплатата ке биде според извршените IVF услуги.*

*По ова, расправата по оваа точка од дневниот ред заврши а Управниот одбор едногласно донесе*

***Заклучок:***

- *Со болницата Мала Богородица - Систина да се склучи договор за IVF услуги под истите услови како и со другите здравствени установи;*
- *За услугите извршени во периодот 01.01.2009 - 15.02.2009 да се плати по цената од стариот договор.*

***ТОЧКА 8 -*** *Разно*

*8.1 Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Слаѓана Пешевска објасни дека со овој правилник се предлага отворање Одделение за спроведување на здравствено осигурување во Општина Пехчево. Во Пехчево во објектот на здравствениот дом има простории каде може да работи одделението. Инаку, подрачјето на Пехчево е покриено од Подрачната служба Берово и одделението ќе биде составен дел на таа подрачна служба од каде ќе биде и тимот што ќе работи во одделението. Фондот ја разгледува можноста за отворање на вакви одделенија и на други места каде постојат здравствени домови, заради овозможување на полесно остварување на правата од здравствено осигурување.*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*со која се извршени предложените измени.*

*8.2 Мислење од стручната служба на Фондот за барањата за ребаланс на буџетските плафони од јавните здравствени установи*

*Управниот одбор го разгледа Мислењето од стручната служба на Фондот во врска со добиените барањата за ребаланс на буџетските плафони од повеќе јавни здравствени установи.*

*8.3 Барања од пензионирани лекари*

*Стојан Петрески објасни дека е пристигнато барање од здравствената установа „Д-р Гоце Андоновски“ од Ресен со барање за продолжување на договорот со Фондот во за месеците август, септември, октомври, ноември и*

*декември 2008 година. На 09.08.2008 година, лекарот носител на дејноста во установата ги исполнил условите за пензионирање. Подрачната служба Ресен ги платила поднесените фактури за месеците август и септември а ги примила и фактурите за ноември и декември. Потоа, согласно заклучокот на Управниот одбор од 07.12.2007 година, да не се склучуваат договори со лекарите кои исполнуваат услови за старосна пензија како и за престанување на важењето на договорите со лекарите кои ги исполниле условите за пензионирање, подрачната служба побарала од здравствената установа да ги врати исплатените средства за периодот по 09.08.2008 и не ги платила фактурите за подоцнежниот период. Здравствената установа бара, со оглед на фактот што услугите се извршени, договорот да биде продолжен односно фактурите да и бидат платени до крајот на годината.*

*Борис Јосифовски истакна дека здравствената установа работела и давала услуги на осигурени лица на Фондот па поради тоа треба да и биде платено за тоа.*

*Горан Коевски додаде и дека фактот што подрачната служба ги платила фактурите без да укаже дека договорот треба да престане значи дека продолжила да постапува согласно договорот со здравствената установа. Тоа во правото се толкува како продолжување на договорот.*

*По ова, Управниот одбор едногласно одлучи договорот со здравствената установа да биде продолжен до крајот на 2008 година и на здравствената установа да и се платат фактурите за извршените услуги до крајот на годината.*

*8.4 Плаќање на договорните казни на рати*

*Фисник Ибраими предложи, на здравствените установи од кои Фондот поради прекршување на договорот побарал да платат договорна казна, да им се овозможи казната да ја платат на повеќе месечни рати. Ова со оглед на фактот што казните се високи па некои установи не можат да ги платат без тоа да се одрази на норамлното извршување на дејноста.*

*Останатите членови на Управниот одбор се согласија со предлогот, по што Управниот одбор едногласно донесе*

***Заклучок:***

- *На здравствените установи од кои заради прекршувања на договорот за 2008 година е побарано да платат договорна казна, да им се овозможи плаќањето да го извршат на најмногу шест месечни рати;*
- *Доколку плаќањето на рати не се врши редовно, да се побара плаќање на целиот износ на казната.*

*По ова, Управниот одбор, во 14.45 часот заврши со работата на L -та седница.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Претседател,***
***Фисник Ибраими***